## МАТЕРИЈАЛИ

Михајло МИНОСКИ

# УСТАВОТ И ПРАВИЛНИКОТ НА МЛАДАТА МАКЕДОНСКА ДРУЖИНА ОД 1894 ГОДИНА

Во првите години на последната деценија на минатиот век национално свесната млада македонска интелигенција со своето дејствување ги подготви идејните основи за создавање на организирано македонско националноослободително и револуционерно движење, при што главната определба беше и останувашe создавање македонска национална организација што ќе ја предводи ослободителната борба внатре во Македонија. Во постојните услови на ропство, во коишто се наоѓаше македонскиот народ, при неповолното надворешно окружување и севкупната меѓународна ситуација се наметнуваше потребата од активно ангажирање на сите сили на македонскиот народ и на македонската емиграција, во прв ред таа во Бугарија како најбројна. Затоа, едновремено со конспиративна револуционерна дејност се одвиваше и дејноста за организирање на младата македонска интелигенција од страна на Македонска дружина во Софија. Дружината својата дејност ја започна во 1890/1891 година, под името Млада Македонска Дружина.[1]

Младата Македонска Дружина развивала двојна дејност: конспиративна национално револуционерна, за реализирање на идеја за "револуционерен отпор"[2] и легална културна национална дејност. Во врска со првата определба Петар Поп Арсоов, еден од основоположниците и водечка личност на Дружината, пишуваше дека истата во своето име си го додала и зборот "книжовна" за да ја прикрие вистинската цел на своето дејствување: "да врбува комисленици кои ќе заминат во Македонија и таму, на самото местото, според месните услови, да подготват почва за револуционерно движење".[3] Таа и таква дејност на ММКД била регулирана со Устав и Правилник, "подготвени од посебна комисија ". Но, и од двата документа "не останал никаков материјален спомен", бидејќи, како

[1] За осноањето и дејноста на ММД повеќе: д-р Блаже Ристовски, Националната ориентација на Младата македонска книжовна дружина и научно-литературното списание "Лоза".- "Просветно дело", Скопје, 1965/ XXI, 5-6, 217-233; "Лозарите" во македонската национална мисла, Скопје, 1968; Гане Тодоровски, Младата македонска книжовна дружина и списанието "Лоза".- "Нова Македонија", Скопје, 29 07 1962, 8-9.

[2] П.П.Арсовъ, Произходотъ на революционното движение въ Македония.- Бюлетинъ, 19 VII 1919, 3

[3] Истото.

што пишуваше Поп Арсов: "изгореле заедно со печатницата во Романија, каде што го однесол специјален човек".[4] Според тоа, и двата документи биле подготвени најдоцна до пред крајот на 1891 година, бидејќи веќе во јануари 1892 година во "Лоза" беше објавен "Устав на Младата Македонска Книжовна Дружина". Во врска со тоа се поставува прашање дали, во случајот, се работеше за истиот прв Устав, однесен за печатење во Романија, или за новоизработен основен документ на ММКД. Поверојатно е второто зтоа што, доколку првите два документа, со оглед на нивната содржина можеле да се објават во Софија, би биле објавени по нивното подготвување. Новиот Устав, прилагоден за јавна дејност, ММКД го објавила на самиот почеток на 1892 година.[5]

Иако сè уште не е целосно научно осветлена севкупната дејност на Младата македонска дружина од тоа што досега е познато може основано да се тврди дека остави траен печат во политичката и културната историја на македонскиот народ во предилинденскиот период. Петар Поп Арсов, водечка личност на Дружината, беше не само еден од основоположниците и член на Првиот централен комитет, туку и идеен насочувач и теоретичар на Македонската Револуционерна Организација од 1893 година, за кого се тврди дека го напишал и првиот Устав на МРО.[6]

По создавањето на МРО Младата македонска дружина ја продолжува дејноста, без додавката во името "книжовна", согласно согледувањата, актуелните потреби и барања. Дружината дејствуваше како легално македонско национално друштво за организирање, врз широка национална основа, на младите македонски интелектуалци во Софија. Според одредбите од двата основни документи; Уставот и Правилникот од 1894 година, ММД дејствуваше како легално македонско национално друштво за национално организирање и организационо поврзување на Македонците во Софија (каде што и најмногу беше концентрирана македонската емиграција и македонската интелигенција), за развивање на национална културна и, пред сè, политичка пропагандна дејност во поддршка на македонското ослободително дело. При тоа за основна задача си постави да покренува и предводи акции од секаков вид и со користење на сите можни, во постојните услови, сретства за подобрување на положбата на својот народ во Татковината.

Организирањето, односно организационото поврзување беше поставено на широка демократска основа, со потполна јавноство за работењето и десјтвувањето на Дружината, за да можат да се вклучат што поголем дел од Македонците, во прв ред младите, со оглед на евидентната потреба од една масовна национална организација на македонската емиграција во Бугарија. Со Правилникот на ММД од истата годи-

[4] Истото.

[5] "Лоза," 1892/ I, 1, 47-48

[6] Историја на македонскиот народ, II, Скопје, 1969, 162

на освен постојаните односно редовни членови се предвидуваа уште и помагачи и почесни членови на Дружината. Основен услов за стекнување со статус на почесен член на ММД беше односното лице да има посебни заслуги со дела направени за татковината, за Македонија и “безпорочно минато” (чл. 6 од Правилникот на ММД).

Таа и така дефинирана национална дејност на Младата македонска дружина, како и на повеќе други македонски кружоци и друштва во Бугарија беше, најригорозно спречувана од бугарските власти. Владата и Кнезот на Бугарското Кнежевство во македонската емиграција гледаше инструмент за остварување на својата долгорочно проектирана експанзионистичка политика према Македонија. Затоа веќе следната 1895 година место македонска национална организација беше создадена пробугарска македонска емигрантска организација раководена од Врховниот комитет во служба на бугарската политика, со сите последици за единството на македонските национални сили и на македонското националноослободително движење.

Со презентирањето на двата основни документи на Младата македонска дружина нашата намера и единствена цел е да го свртиме вниманието и да поттикнеме натамошен интерес за понатамошни истражувања за целосно осветлување на неспорно богатата дејност на оваа македонска национална организација во Бугарија.

Содржината на презентираните основни документи на ММД упатува на следниве констатации:

1. ММД ги изразуваше и се застапуваше за интересите на македонскиот народ, при што за цел на дејствувањето постави со сите сретства да дејствува за ослободување на татковината - Македонија.

2. Македонското име (единствено употребувано во двата документи) ја одразуваше посебноста на македонскиот народ и нација .

3. Документите се автентични и оригинални, односно не беа составувани по урнек на туѓи докумнети од таков вид.

4. Внатрешната организација и односите во Дружината беа поставени на широка демократска основа (изборот на раководното тело, личната одговорност и јавноста на работењето) што беше одраз на интелектуалното ниво пред сѐ на водечките личности.

Док. 1

## УСТАВ

## на Младата Македонска Дружина во Софија, 1894 година.

### Чл. I

Дружината има за цел:

а) да издава едно списание,

б) да отвори читална во Софија за Македонците, и

в) да покренува превземање и применување, од нас Македонците, разни корисни сретства; согласно потребите, времето и околностите, за подобрување на положбата во Македонија (подвлекол -ММ).

Чл. II

Младата Македонска Дружина се состои од другари:

а) постојани, кои учествуваат во сите активности на Дружината и внесуваат во нејзината благајна доброволно определен износ на средства месечно.

б) помагачи, кои внесуваат еднаш за секогаш било каква помош во благајната на Дружината, и

в) почесни, кои Дружината ќе ги прогласи како такви за признатата заслуга за Македонија или поради некоја голема помош укажана на Дружината.

Чл. III

Младата Македонска Дружина се управува од: претседател, секретар и благајник, согласно барањата и волјата на сите другари во Дружината.

Чл. IV

Парите на Младата Македонска Дружина се чуваат на сметка во Бугарската Народна Банка на името на благајникот и претседателот.

Сметките ќе се публикуваат секој месец во списанието.

Софија, 8 мај 1894 година.

(ЦДИА - София, ф.: 1932,
Оп 1, ае. 415)

Док. 2

ПРАВИЛНИК
на Младата Македонска Дружина во Софија, 1894 година.

Чл. 1

Младата Македонска Дружина се управува од постојани другари кои секоја година си избираат од своите редови еден претседател, книговодител и благајник.

Изборот се врши секоја година, на 27 декември].[7]

[7] Дополнување кон чл. 1 забележено на долниот дел од првата страница.

Чл. 2

Дејноста и правата на претседателот на Дружината се состојат само во свикувањето и раководењето со собранието, како и по однос на посебните сметки на Дружината во врска со издавањето и одржувањето на списанието, во согласност со активните другари.

Чл.3.

Секретарот ја води пишаната документација на Дружината според вообичаен ред, при што чува:

а. список на другарите.
б. протоколна книга,
в. влезна и излезна книга, и
г. коресподенцијата.

Чл. 4

Благајникот за сè што добива издава потврда, потпишана од него и од претседателот и заверена со печатот на Дружината. Тој заедно со претседателот се одговорни за било какви неправилности во водењето на финансиите.

Тој чува:

а. книга за издадените потврди,
б. општа благајничка книга и
в. отчетни документи за расходите и сл.

Чл. 5.

Постојан другар станува секое лице по неговиот прием од мнозинството на присутните другари на заседанието на кое што тоа би било предложено.

Исто така, ако мнозинството од постојаните членови се изјасни против некој свој другар, поради негово лошо однесување, истиот, со одлука, се исклучува и се брише од списокот на членовите на Дружината.

Чл. 6

За да се прогласи едно лице за почесен член покрај заслугите со дела за Македонија или одделно за Дружината, треба да има минато без пороци.

Чл. 7

Постојаните членови се состануваат на заседанија секоја недела, во 10 часот пред пладне, во просторија на Дружината. Заседанијата се законити без оглед на бројот на присутните членови (подвлечено во документот - ММ). Единствено, за да не се злоупотребува тоа, претседателот

е должен три дена пред секое заседание да ги соопшти прашањата што ќе бидат ставени на разгледување. Соопштувањето треба да биде јавно, достапно за секој другар. Ниту едно друго прашање за кое немало претходно известување не може да се разгледува на заседанието. Само при вонредна потреба претседателот може да предложи некое прашање да се разгледува на едно од редовните собранија или да се свика посебно вонредно собрание. Но, во тој случај, е должен претходно да ги извести редовните членови, најмалку 5 часа пред заседанието.

Чл. 8

За реализирање на целите на Дружината од последните две одредби [од чл.1 на Уставот], се свикуваат општи собранија на сите другари (постојани, помагачи и почесни) кои ќе се повикуваат со соопштенија лепени по улиците или отпечатени во некој весник или како посебен прилог во некои од месните весници.

Чл. 9

На општите вонредни собранија, по прифаќањето на одреден предлог се избира специјална комисија или одбор на Дружината, за извршување на истиот, според определбата на собранието. Во тој случај сите присутни се избирачи и бирани.

Чл. 10

Кога некој од избраните членови се повлече, од било која причина, пред определеното време, се заменува со следниот од лицата што биле бирани, според добиените гласови при изборот.

Во случај на отсуство на претседателот раководењето со заседанието го превзема секретарот, а во случај на отсуство и на двајцата, еден од редот на присутните на изборот.

Чл. 11

Не може да се прават никакви расходи без донесено решение. Ако некој направи самоволно, тоа ќе биде на негова лична сметка.

Чл. 12

На одредбите од чл. 3, 4 и 11 се потчинуваат сите посебни комисии и нивните секретари и благајници.

Чл. 13.

Сметките на одделните комисии или одбори исто така ќе се публикуваат секој месец во списанието, а ако има потреба во некој од месните весници.

Чл. 14.

Дружината има печат, со натпис: "Млада Македонска Дружина во Софија", што ќе се користи од сите бироа, комисии или одбори избрани од Дружината.

Печатот го чува претседателот на Дружината.

Чл. 15

Секој друг случај што овдека не е предвиден ќе се поставува на разгледување на собрание на постојаните другари, со тоа што за решението за секое такво прашање ќе се издава решение и ќе се публикува за информирање на сите членови на Дружината. Бидејќи таквите наредби претставуваат составен дел од овој Правилник.

Софија, 3 јули 1894 година.

(ЦДИА - София, ф.: 1932,
0п 1, ае. 415)